АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
И РЕОСИГУРУВАЊЕ **МАКЕДОНИЈА**
Скопје - Виена Иншуренс Груп

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ
## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ НА ИЗЛАГАЧИ НА САЕМИ

Овие Посебни услови за осигурување ги донесе Управниот одбор на Друштвото на 99-тата редовна седница одржана на 17.2.2016 година со одлука бр. 02-1506/4-4 со примена од 22.2.2016 година.

Лектор Кристина Велевска

### ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ, ОСИГУРЕНИ ПРЕДМЕТИ И ОСИГУРЕН ИНТЕРЕС

**Член 1**

(1) Предмет на осигурување, во смисла на овие Услови, може да бидат предмети на излагачи на саеми (експонати, опрема и помошни материјали).

Не можат да се осигураат по овие Услови предметите во изложбените простории кои времено се сместуваат во врска со некоја приредба која нема саемски карактер или за продажба, чување и складирање.

(2) Осигурувањето се однесува на сите експонати, опрема и помошен материјал, што се наоѓа во просториите и на територијата на саемот.

(3) Осигурувањето се смета како склучено за сопствена и (или) за туѓа сметка. Тоа го покрива интересот на договорувачот на осигурувањето и (или) на закупецот или на сопственикот на предметот.

### ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)

**Член 2**

(1) Осигурувачот е во обврска да надомести штета предизвикана:

1) со уништување или оштетување поради која и да е од опасностите (ризиците) на кои се изложени осигурените предмети (експонати, опрема и помошни изложбени материјали) вклучувајки ги и опасностите од провална кражба и кражба за сето време додека се наоѓаат на територијата на саемот, освен штетата од опасност за која осигурувачот не е во обврска според ставот (3) од овој член.

2) со барање за надоместок на штета од страна на трети лица по основ на одговорност за предизвикување смрт, повреда на телото или здравјето, или за уништување односно за оштетување на предмети и тоа, доколку не се договори поинаку, во границите на следните износи по еден осигурен случај:

а) за смрт, повреда на телото или здравјето по еден случај до 200.000 денари, а по едно лице најмногу до 10.000 денари;

б) за оштетување односно уништување предмети по еден случај од 20.000 денари;

Ако договорувачот на осигурувањето бара повисоко покритие тоа значи дека за секое зголемување на износот од чл.2 став (1) точка 2 под а) и б) треба да се плати доплатна премија од 30% од основната премија.

(2) Осигурувачот исто така е во обврска да надомести:

1) штета од уништување или оштетување предизвикана при гаснење на пожар;

2) штета поради исчезнување на предмети предизвикана при остварување на која и дса е од опасностите опфатени со осигурувањето;

3) трошоците направени за расчистување во врска со настанатиот осигурен случај;

4) трошоците што осигуреникот ги имал за отстранување и намалување на штетата во висина определена според членот 6 од овие Услови.

(3) Осигурувачот не е во обврска за штета предизвикана:

1) од дефект, вриење, гнилење, вовлекување миризба, рѓа, сушење, кало, растурање, промена на боја, гадинки, стаорци и глувци, атмосферски влијанија врз предмети изложени под ведро небо;

2) при обработка или при самото прикажување;

3) од проневера или затајување од работниците;

Се сметаат за работници и лица што се во работен однос само за време на траење на саемот.

### ОБЕМ НА РИЗИК

**Член 3**

(1) Обемот на ризикот од пожар се определува според членот 3 на Условите за осигурување од опасност од пожар и од некои други опасности.



ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА
VIENNA INSURANCE GROUP

(2) Обемот на ризикот од експлозија се определува според членот 5 на Условите за осигурување од опасност од пожар и од некои други опасности, доколку во тие Услови е определен обемот за односниот ризик.

(3) Обемот на ризикот од провална кражба се определува според членот 3 на Условите за осигурување од опасност од провална кражба и разбојништво.

(4) Обемот на ризикот од кршење и оштетување од погонски незгоди се определува според Условите за осигурување машини од кршење и од некои други опасности.

(5) Обемот на покривањето по основот на одговорност поблиску се определува според Општите Услови за осигурување од одговорност.

## ВРЕДНОСТ НА ОСИГУРЕН ПРЕДМЕТ

### Член 4

Вредноста на осигурените предмети, во смисла на овие Услови е износот означен во сметката или спецификацијата на излагачот, но не поголем од набавната цена на предметите. Кон оваа цена се додаваат трошоците за превоз до саемот, за монтажа и демонтажа, износот на царината, други давачки и премии на осигурувањето.

## ПРЕСМЕТКА НА ШТЕТА И ОШТЕТА

### Член 5

(1) Штетата се пресметува:

1) при уништување на предмети - според вредноста на осигурените предмети (чл.4) во времето на настанувањето на осигурениот случај, намалена за вредноста на остатоците;

2) при оштетување на предмети - во висина на трошоците потребни за доведување во состојба пред настанување на осигурениот случај пред настанување на осигурениот случај намалени за вредноста на остатоците. Во трошокот на поправката се сметаат и трошоците за демонтажа, монтажа како и целисходно направените трошоци за превоз.

(2) Ако трошоците за поправката на еден предмет се поголеми од вредноста на осигурениот предмет на денот на настанувањето на осигурениот случај, ќе се постапи како да е уништен тој предмет и штетата ќе се пресмта според ставот (1) точка 1) од овој член.

## НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ

### Член 6

(1) На име трошоци направени за расчистување и рушење, во врска со настанатиот осигурен случај на осигурениот предмет, осигурувачот ги надоместува нужните издатоци за расчистување и рушење, но до колку поинаку не се договори, најмногу до 3% од сумата на осигурување односно од вистинската вредност на оштетените предмети кај осигурувањата на договорена вредност.

Во трошоци за расчистување спаѓаат нужните издатоци за расчистување и чистење на местото каде што е предизвикана штетата, како и издатоците за пренесување на изгореното, шутот и тињата до најблиското дозволено место на растоварување.

Во трошоците за рушење спаѓаат нужните трошоци што договорувачот на осигурувањето ги имал, по настанување на осигурениот случај, за рушење на преостанатите оштетени неупотребливи делови за нивното пренесување до најблиското дозволено место за растоварување.

(2) Вкупниот надоместок на име трошоци од ставот (1) од овој член и на име надоместок од осигурувањето, не може да ја надмине сумата на осигурувањето, односно вистинската вредност на штетата, оштетениот предмет.

(3) Неопходните трошоци за отстранување и намалување на штетата, направени по налог на осигурувачот, се надоместуваат и тогаш кога заедно со надоместокот од осигурувањето ја надминуваат сумата на осигурувањето.

(4) Во случај на подосигурување, трошоците за расчистување и рушење, се надоместуваат во ист сразмер како и надоместокот од осигурувањето, освен во случаите кога тие трошоци се направени по налог на осигурувачот.

(5) Осигурувачот не е во обврска да ги надомести трошоците предизвикани заради отстранување на причината на штетата, како и трошоците за интервенција на противпожарните друштва или на други организации чија должност, според карактерот на работењето, е бесплатно да даваат помош кога ќе настане осигурен случај.

## ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 7

Осигурувањето започнува во моментот кога осигурените предмети ќе се истовараат на територијата на саемо за излагање, а престанува во моментот кога по затворањето на саемот предметите ќе се натоварат заради однесување од саемот, а најдоцна триесеттиот ден од денот на почетокот на осигурувањето, доколку не се договори поинаку.

## ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ИМОТИ

### Член 8

Доколку не се во спротивност со овие Услови, на осигурувањата склучени според овие Услови се применуваат и Општите услови за осигурување имоти.

## ПРАВНА ПОУКА

### Член 9

Договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето можат да достават жалба во однос на осигурувачот до Агенцијата за супервизија на осигурувањето, како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување.

## НАДЛЕЖЕН СУД

### Член 10

Во случај на спор меѓу договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот и осигурувачот, месно е надлежен Основниот суд Скопје 2, Скопје.

Бр.02-1506/4-4
17.2.2016 година

Претседател на Управен одбор

Бошко Андов